# Извештај за мапирање на клучните засегнати страни и процеси релевантни за овозможувачката средина за ГО (граѓански организации)

**Ажурирано на:** 10.05.2023

**Забелешки:**

- Матрицата ги мапира само клучните тековни процеси поврзани со реформите во законите во врска со развојот на ГО или со донесувањето нови закони релевантни за ГО
- Поголемиот дел од процесите беа иницирани во опсегот на владината Стратегија за соработка со граѓанскиот сектор
- Податоците во матрицата се предмет на континуирано ажурирање

| **Процес** | **Изворен документ** | **Цел/и – Релевантност за овозможувачката средина за ГО** | **Статус на имплементација** |
|---|---|---|---|
| **Стратешки документи** | | | |
| Следење на имплементацијата на Стратегијата и Акцискиот план 2022-2024 година | Стратегија на Владата за соработка со граѓанскиот сектор и Акциски план 2022-2024 година | Понатамошно подобрување и поттикнување средина во која функционира граѓанското општество и градење континуиран, транспарентен и инклузивен дијалог со ГО | Во тек<br><br>Стратегијата и Акцискиот план 2022-2024 година се усвоени на 130-та седница на Владата, одржана на 28.12.2021 година.<br><br>– Во текот на 14-16 март, во Гостивар, Скопје и Штип се одржаа консултациите со граѓанските организации за Нацрт-извештајот за спроведување на Стратегијата на Владата за соработка и развој на граѓанското општество 2022-2024. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | Потоа, Одделение до Владата го поднесе Извештајот за усвојување.<br><br>Согласно одлуката за бојкот на работата на Советот за соработка меѓу Владата и ГО донесена на седницата одржана на 06.04.2022 година, неговата работа е суспендирана, до обезбедување на средства во Буџетот на Владата на Република Северна Македонија за Предлог-програма за финансирање на здруженија и фондации во 2022 година.<br><br>Но, на 6 октомври Советот одржа вонредна седница на која предложи средба на Премиерот, Министерот за политички систем и односи со заедниците, Вицепремиерот за евроинтеграции, Министерот за финансии и Генералниот секретар.<br><br>Советот не доби никаков одговор на неговите покани. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Изработка на моделот за државно финансирање на ГО | Програма за работа на Владата (2020 – 2024) | Сеопфатна реформа на сегашниот систем за државно финансирање на ГО во согласност со најдобрите меѓународни стандарди | **Завршено**<br><br>На последната седница одржана на 14.11.2022 година, РГ затвори два нацрт наслови за новиот Закон за здруженија и фондации:<br><br>- Делот што го регулира државното финансирање<br>- Делот со кој се регулира Фондот за поддршка и соработка со ГО |
| Усвојување на Акциски план за процесот на Отворено владино партнерство за периодот 2021 - 2023 година | ОВП | Заложба 1.5 Обезбедување бесплатен пристап до податоци за ГО | **Завршено**<br><br>Планот за ОВП за 2021 – 2023 година беше отворен за јавна консултација до јули 2021 година.<br><br>На 26.10.2021 година Владата го усвои планот.<br><br>Министерот за МИОА донесе Одлука за формирање на РГ од сите засегнати страни за спроведување на НАП.<br><br>РГ е составена од координатори и членови на подгрупите – по еден за секоја Заложба од Планот.<br><br>Владата на 30.03 донесе Измена на одлуката за формирање Совет за |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | координација и следење на ОВП процесот 2021-2023 година – на местото на Ивона Сталевска од ФООМ дојде Маријана Јанчевска – Метаморфозис, а Марија Мирчевска од ФООМ беше заменета со Весна Радиновска – Метаморфозис. |
| Измена на Законот за здруженија и фондации | Владина Стратегија за соработка со ГО 2022-2024 (Оперативна цел 1) | 1. Подобрување на моделот на прогласување организации и/или проекти од јавен интерес<br><br>2. Правно признавање на неформални групи<br><br>3. Редефинирање на принципот на непартизација<br><br>4. Уредување на условите и постапката за распределба на државните финансиски средства вклучувајќи го и мониторингот<br><br>5. Обезбедување независност на ГО<br><br>6. Воспоставување правна рамка за јавно-граѓанско партнерство | **Во процес**<br><br>Работната група е формирана и започна со работа.<br><br>На 12-ти и 13-ти декември беа спроведени четири тематски тркалезни маси со релевантните засегнати страни, на кои се дискутираа следниве прашања: Правно признавање на други форми на здружување; Статус и активности од јавен интерес; Заштита на непрофитниот карактер и Поддршка на граѓанските организации. Од наодите е изготвен извештај кој е пратен до МП за понатамошни насоки за претстојните активности.<br><br>По тоа, нема закажано нова седница и РГ чека Министерството за правда да ја закаже. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Измена на Законот за донации и спонзорства | Владина Стратегија за соработка со ГО 2022-2024 (Оперативна цел 23) | Создавање поволна средина за финансирање на активностите на ГО *преку* приватни донации | **Во тек**<br><br>Работната група е формирана и започна со работа.<br><br>На 03.05 работната група имаше состанок за разгледување на нацрт-текстот на законот. Во моментов законот се усогласува со Управата за јавни приходи, а се очекува следната средба РГ да ја има при крај на мај. |
| Измена на Законот за игри на среќа и забавни игри | Владина Стратегија за соработка со ГО<br><br>(Оперативна цел 8) | Зголемени области на активности на ГО кои може да бидат поддржани со приходите генерирани од игрите на среќа. | **На чекање**<br><br>Советот побара од МФ и МТСП да ги разгледаат заклучоците од јавната расправа за законот.<br><br>Оттогаш процесот во однос на ГО е закочен – Законот беше предмет на расправа само поради предлогот за дислоцирање на коцкарските објекти на најмалку 500 метри од училиштата. |
| Реформирање на даночниот третман на ГО | Владина Стратегија за соработка со ГО<br><br>(Оперативна цел 5) | Избор на најсоодветен даночен режим за ГО | **На чекање**<br><br>Измените на законите за корпоративни даноци и персонален данок од 2018 година значително го подобрија даночниот третман на ГО. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | Сепак, планираните реформи за ослободување од ДДВ не беа завршени. |
| Подобрена законодавна и регулаторна рамка за сметководство за непрофитни организации | Владина Стратегија за соработка со ГО (Оперативна цел 7) | Да се адресира неконзистентната методологија, како и проблемите со пријавувањето на приходите од економските активности и несоодветниот сметководствен план | **На чекање**<br><br>Анализа на Законот за сметководство за непрофитни организации (2019) |
| Усвојување на методологија за проценка на инхерентниот и резидуалниот ризик за ГО од перење пари и финансирање тероризам. | Иницијатива на ГО Конект и Европскиот центар за непрофитно право. | Да се изготви методологија за проценка на инхерентниот и резидуалниот ризик од перење пари и финансирање тероризам за ГО. Методологијата треба да ја користат банките и другите финансиски институции кога работат за ГО.<br><br>Таа има за цел да го олесни пристапот на ГО до финансиски услуги. | **Завршено**<br><br>Во консултативен и партиципативен процес, поддржан од Конект, работната група работеше на методологијата што треба да обезбеди граѓанските организации да не се сметаат за клиенти со висок ризик од страна на банките и со тоа да подлежат на потемелна контрола и повисоки провизии.<br><br>Процесот е завршен. |
| Измена и дополнување на Законот за работните односи | Владина Стратегија за соработка со ГО 2018-2020 (Мерка 8) | Препознавање на спецификите на ГО како работодавачи во трудовото законодавство | **Во тек**<br><br>По јавните дебати во текот на февруари и март 2023 година, се чини дека работата е запрена и законот сè уште не е јавно споделен на ЕНЕР. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Изменување и дополнување на Законот за волонтирање | Владина Стратегија за соработка со ГО<br><br>(Оперативна цел 21) | Законско регулирање на процесот на волонтирање, основи за методологија за прибирање податоци за бројот на организации и волонтери ангажирани во организациите и други релевантни податоци. | **Во тек**<br><br>МТСП го повлече Законот од владина процедура при крај на 2022. |
| Законско уредување на процедурата за изготвување на закони и акти на локалната самоуправа. | Владина Стратегија за соработка со ГО 2018-2020 (Мерка 17) | Законско уредување на процедурата за изготвување на закони и акти на локалната самоуправа. | **На чекање** |
| Изготвување Закон за социјално претприемништво | Акциски план за имплементација на Стратегијата за развој на социјалните претпријатија (Стратешка цел 1)<br><br>Владина Стратегија за соработка со ГО 2022-2024 (Оперативна цел 18) | Промоција на социјалното претприемништво | **Во тек**<br><br>Работната група даде предлог закон и е подготвена да започне консултации. |